Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
Д Р Ж А В Н А   К О М И С И Ј А   З А   Ж А Л Б И
П О   Ј А В Н И   Н А Б А В К И
С К О П Ј Е

| Примено: 18.11.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 332/16 | 0 | |


У-5.бр.989/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 11 GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги РЕПРО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Драган Василевски адвокат од Скопје, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-332/7 од 22.05.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 01.11.2019 година, донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги РЕПРО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје, поднесена против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-332/7 од 22.05.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Секоја странка ги поднесува своите трошоци на постапката.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот Друштво за трговија и услуги РЕПРО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за доделување на договор за јавна набавка бр.35-45/5 од 30.04.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.35-45/2/2019 за набавка на стоки - набавка, монтажа и инсталација на уред за стерилизација на термочувствителни инструменти на договорниот орган ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи. Во тужбата е наведено дека договорниот орган неправилно ја утврдил фактичката состојба и неправилно го применил материјалното право, а од самото образложение на оспореното решение не произлегува од кои причини тужениот орган смета дека жалбените наводи се неосновани. Понатаму, наведува дека во техничката спецификација биле наведени карактеристики со кои се фаворизира само еден производител Џонсон и Џонсон модел СТЕРРАД 100NX каде техничките спецификации се ископирани од нивниот каталог во целост, оневозможувајќи да учествуваат и други економски оператори кои имаат слични карактеристики бидејќи не секој производител изработува ист продукт, а кои не пречат во извршувањето на истата функција - стерилизација за која намена се набавува апаратот. Наведува дека од договорниот орган добил известување дека не е квалификуван за аукција бидејќи не исполнува услови, конкретно автоматската самопроверка на исправноста на уредот и исправноста на полнењето на комората, пред отпочнување на процесот (понудениот модел има само проверка на исправноста на уредот но истиот не стартува автоматски туку рачно). Прегледен екран во боја, осетлив на допир со минимална резолуција 800x600 точки и максимални димензии на уредот широчина до 780 мм, а понудениот модел има широчина од 860 мм. Во уредно доставниот и

[2] 08-332/16 [2019]

прикачен каталог како што е побарано од договорниот орган, а доколку не се наведени сите информации да се достави известување од производителот дека ги исполнува сите барања од техничката спецификација, неспорно произлегува дека тужителот ги исполнува сите услови. Имено, од известувањето на производителот произлегува дека софтверот на машината може да биде изработен според потребите на операторот и дека со вчитување на кертриџот автоматски се стартува процесот, со што во целост е исполнет условот од тендерската документација. Софтверот може да се изработи според сите барања на клиентот и истото не влијае во процесот и квалитетот на стерилизацијата за чија намена се набавува апаратот, односно е само функција плус која е ограничувачка за да не учествуваат повеќе економски оператори кои не можат да го исполнат условот. Понатаму, наведува дека понудениот екран е 7 инчен со резолуција од 1024X600 каде минимумот се бара да е од 800 до 600. Во известувањето на производителот е наведено дека според потребата на договорниот орган ќе биде поставен екран со бараната резолуција односно во конкретниот случај 1024X600 бидејќи се работи за 7 инчен екран кој ја поседува таа резолуција, а истата нема никаква функција и не влијае врз процесот и квалитетот на стерилизацијата. По однос на димензиите на уредот дека понудениот модел има широчина од 860 мм, а се бара широчина до 780 мм тужителот укажува дека димензиите на ваков тип машини кои се движечки не се ограничувачки и во тендерската документација секогаш се зема предвид +/- 5% или еквивалент, а истовремено е побарано уредот да биде движечки каде не е важно да се вклопи во одреден простор бидејќи тоа е машина со тркала и може лесно да се помести и не е потребна инсталација.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана во целост кон наводите од оспореното решение, поради причините наведени во образложението на истото, со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до тужителот за да се запознае со неговата содржина, кој уредно го примил, меѓутоа не достави произнесување по истиот.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавните набавки и со Известување У-5.бр.989/2019 од 23.07.2019 година, го повика избраниот понудувач КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба и одговорот на тужбата.

Постапувајќи по известувањето, заинтересираното лице КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, преку полномошник, достави одговор на тужбата на тужителот во кој наведува дека тужениот орган правилно постапил кога жалбата на тужителот ја одбил како неоснована со образложение како во оспореното решение правилно се оценети сите жалбени наводи и предложи тужбата да се одбие како неоснована, а тужителот да се задолжи да му ги надомести трошоците на постапката во вкупен износ од 6.136,00 денари.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.35-45/2/2019 за набавка на стоки - набавка, монтажа

и инсталација на уред за стерилизација и термочувствителни инструменти, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.35-45/1 од 29.03.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службеното гласило на Европската Унија. Набавката била неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниска цена, постапката ќе се спроведе во електронска форма и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудата и 5% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

До крајниот рок за поднесување на понудите 18.04.2019 година, пристигнале вкупно 4 (четири) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.35-45/3 од 18.04.2019 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што единствениот понудувач со прифатлива понуда го поканила да поднесе конечна цена. Врз основа на Извештајот од поднесување на конечна цена и Извештајот од спроведената постапка број 35-45/4 од 25.04.2019 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на КУБИС МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, врз основа на што е донесена Одлука за доделување на Договор за јавна набавка број 35-45/5 од 30.04.2019 година.

До тужителот од страна на договорниот орган доставено е известување за извршен избор на најповолен понудувач во кој е наведено дека тужителот не ги задоволува условите наведени во тендерската документација бидејќи понудените производи не одговараат на бараните спецификации, а имено автоматска самопроверка на исправноста на уредот и исправноста на полнење на комората пред отпочнување на процесот (понудениот модел има самопроверка на исправноста на уредот, но истиот не се стартува автоматски пред отпочнување на процесот, туку рачно врз основа на одлуката на операторот), понатаму прегледен екран во боја, осетлив на допир со минимална резолуција 800x600 точки, а понудениот екран нема таква минимална резолуција и максималните димензии на уредот широчина до 780 мм, а понудениот модел има широчина од 860 мм.

Незадоволен од донесената одлука за избор на најповолна понуда, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел сега тужителот Друштво за трговија и услуги РЕПРО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на тужителот се одбива како неоснована.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007...83/2018), со овој закон особено се обезбедува: конкуренција меѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Согласно членот 3 став 1 точка 11 од Законот за јавните набавки, тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа

за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Во точките 24 и 25 на истиот член е наведено: „Прифатлива понуда" е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите". Според точка 25, „Соодветна понуда" е прифатлива понуда која е во рамките на износот што го утврдил договорниот орган со одлуката за јавна набавка или што може да го дообезбеди согласно со членот 28 став (4) од овој закон."

Согласно член 32 став 1 и 2 од Законот за јавните набавки, договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка. (2) Тендерската документација особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, особено адреса, телефонски број, број на факс, електронска пошта, лица за контакт, начини на комуникација итн., - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество во постапката за доделување на договор, - доколку се бара, минималните критериуми за утврдување на способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување на способност, - технички спецификации или, во случај на применување на конкурентен дијалог или постапка на преговарање, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за доделување на договорот што ќе се применува за избор на најповолна понуда согласно со одредбите од Главата VII Дел 3 на овој закон, - 19/19 упатства во врска со правната заштита во постапка за доделување на договор за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.

Согласно член 129 став 1 од Законот за јавните набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно член 140 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки, неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.

Согласно член 211 од Законот за јавните набавки, во постапката за правна заштита, Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должности во поглед на битните повреди пропишани во членот 210 од овој закон.

Согласно член 216 став 2 од Законот за јавните набавки, жалбата се изјавува во рок од осум дена односно три дена кај постапката со барање за прибирање на понуди од денот на: - приемот на записникот од спроведениот технички дијалог, во однос на дејствијата или пропуштањето за преземање дејствија поврзани со спроведување на техничкиот дијалог, - објавувањето на огласот за доделување на договор за јавна набавка во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од огласот, - отворањето на понудите во однос на дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за отворањето на понудите, - истекот на рокот за донесување одлука за избор или за поништување на постапката согласно со членот 162 став (2)

од овој закон во однос на пропуштањето за донесување на одлука за избор или за поништување на постапката во соодветниот рок, - приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката или - сознанијата за незаконско водење на постапка за доделување на договор за јавна набавка, најдоцна во рок од една година од денот на завршувањето на спроведената постапка. Според став 5 на истиот член, економскиот оператор кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (2) на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил како неоснована жалбата на тужителот, со образложение дека договорниот орган правилно постапил кога ја отфрлил понудата на тужителот како неприфатлива согласно член 140 став 7 од Законот за јавните набавки.

Имено, Државната комисија за жалби по јавни набавки основано констатирала дека договорниот орган правилно постапил кога ја исклучил од натамошната постапка понудата на сега тужителот Друштво за трговија и услуги РЕПРО МЕДИКА ДООЕЛ Скопје, бидејќи истата не била во согласност со барањата од тендерската документација. Конкретно, со тендерската документација било побарано автоматска самопроверка на исправноста на уредот и исправноста на полнење на комората пред отпочнување на процесот, а понудениот модел имал самопроверка на исправноста на уредот, но истиот не се стартува автоматски пред отпочнување на процесот, туку рачно врз основа на одлуката на операторот, понатаму, било побарано прегледен екран во боја, осетлив на допир со минимална резолуција 800x600 точки, а понудениот екран немал таква минимална резолуција и максималните димензии на уредот да бидат широчина до 780 мм, а понудениот модел имал широчина од 860 мм.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот, меѓутоа истите ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова, од причина што понудениот производ од страна на тужителот не одговарал во целост на барањата наведени во техничката спецификација составен дел на тендерската документација. Имено, во тендерската документација било побарано за докажување на на крактеристиките на понудените стоки за да одговараат на барањата во техничките спецификации, економските оператори за своите производи да достават каталози со технички спрецификации каде јасно се наведени карактеристиките кои се бараат во тендерската документација, а доколку во доставениот материјал не е искажана некоја од бараните каратеристики, операторот да достави доказ од производителот на опремата за исполнување на тие карактеристики. Тужителот во својата понуда доставил каталог како и писмо/изјава од производителот на понудениот уред, како доказ за исполнување на условите од тендерската документација, а врз основа на кои органот утврдил дека понудениот модел не ги исполнува сите барани карактеристики од технички спецификации. При тоа, органот правилно утврдил дека договорниот орган во техничките спецификации кои се составен дел на тендерската документација користел термини максимум/минимум односно ги навел минималните барања кои уредот предмет на набавката требало да ги исполнува. Бараната карактеристика која се однесува на прегледен екран во боја, осетлив на допир, со минимална резолуција 800x600, за договорниот орган била битна заради квалитетно прегледно следење на процесите на стерилизација, како и за полесно управување со

уредот, а по однос на бараната карактеристика широчина до 780 мм ваквата дефинирана максимална димензија била одредена согласно расположивиот простор на договорниот орган за сместување на барaниот уред што е од суштинско значење. Воедно, органот правилно оценил дека жалбените наводи на тужителот кои се однесуваат на тоа дека во техничките спецификации за предметната јавна набавка се дефинирани карактеристики со кои се фаворизира само еден производител, во оваа фаза од постапката се задоцнети, согласно членот 216 став 5 од Законот за јавните набавки, но и покрај тоа, таквите наводи тужителот не ги докажал ниту доставил докази дека само еден производител на уредот предмет на набавката ги исполнува бараните услови од техничката спецификација.

По однос на барањето на заинтересираното лице, да се задолжи тужителот да му ги надомести трошоците на постапката во вкупен износ од 6.136,00 денари, судот одлучи согласно член 7-б од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2006 и 150/2010), според кој во управниот спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управен суд, на 01.11.2019 година, под У-5.бр.989/2019.

Записничар - судски соработник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2. Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител, преку полномошник Драган Василевски адвокат од Скопје,
- заинтересирано лице, преку полномошник Борис Ношпал адвокат од Скопје,
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на [redacted] сот
се изв[redacted]
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА

РН/